# Новинарите излегуваат на протестен марш за одбрана на новинарското достоинство

Од страна на **Вечер** - 17/02/2023 - 06:57




Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ) и Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) ги повикаа сите медиумски професионалци на протестен Марш за одбрана на новинарското достоинство денеска во 10:30 часот.

**Маршот ќе почне од Владата на РСМ до Собранието, а на кој заеднички и сплотено ќе се изрази незадоволството од нападите врз новинарите, навредите и понижувањата од политичарите, нелојалната конкуренција, небезбедните услови во кои работат новинарите, лошата социо-економска состојба.**

На маршот, како што информираа од новинарските здруженија, ќе бидат испратени пораки од претставници на ЗНМ и ССНМ, а ќе бидат доставени и следните барања до Владата и Собранието.

– Итно донесување на неопходните закони, кои се важни за правата на новинарите и работата на медиумите и нивно доследно имплементирање;

– Јавните функционери и политичарите да ги почитуваат новинарите и снимателите;

– Крај на агресивниот државен пиар;

– Поддршка за локалните новинари и медиуми;

– Почитување на работничките права на новинарите и медиумските работници;

– Безбедни услови за работа на новинарите и медиумските работници.

Почетокот на протестот е во 10.30 часот пред Владата на РСМ.